Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 август 2023 година, дава

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународни односи“ на Правен факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународни односи“ на Правен факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација на студиската програма „Меѓународно право и меѓународни односи“, од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, бр.08-425/7 од 5.4.2023 година од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се обрати со Барање бр.0809-438/1 од 18.4.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-777/1 од 18.4.2023 година за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународни односи“ на Правен факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-777/2 од 19.4.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 20.4.2023 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-777/3 од 25.4.2023 година во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Меѓународно право и меѓународни односи“ на Правен факултет при Државен универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10 и бр.168/10).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-7003/6**
**29 август 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Христина Мишевска, самостоен референт
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата